**Известување за концентрација со која 4иГ Тавкозлеси Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, Будимпешта, Унгарија ќе стекне контрола над Нетфоне Телеком Тавкозлеси ес Сзолгалтато Фелелоссегу Тарсасаг, Залаегерсзег, Унгарија**

**(предмет бр. 08-121/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.08.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која 4иГ Тавкозлеси Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Крисзтина корут бр. 39, 1013 Будимпешта, Унгарија, ќе стекне контрола над Нетфоне Телеком Тавкозлеси ес Сзолгалтато Фелелоссегу Тарсасаг, друштво со ограничена одговорност, со седиште на ул. Нефелејцс бр. 2/А, 8900 Залаегерсзег, Унгарија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**4иГ Тавкозлеси Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг** е акционерско друштво, регистрирано за главна дејност на холдинг компании, телекомуникации и интеграција на ИТ системи, технологии за вселена и одбрана, радиодифузни и сателитски услуги.

4иГ Тавкозлеси Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг има едно поврзано правно лице во Северна Македонија, а тоа е Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ МАКЕДОНИЈА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје, друштво со ограничена одговорност основано согласно законите на Република Северна Македонија, со ЕМБС: 7804148 и седиште на ул. Црвена Вода број 7/3, 1000 Скопје, Северна Македонија, чија што приоритетна дејност е 61.20 – дејности на безжични телекомуникации.

**Нетфоне Телеком Тавкозлеси ес Сзолгалтато Фелелоссегу Тарсасаг**, е друштво со ограничена одговорност, унгарски виртуелен мобилен оператор (MVNO) кој обезбедува мобилни, VoIP и интернет услуги користејќи ја инфраструктурата на главните мрежни оператори, со фокус на флексибилни тарифни пакети и мрежа за директна продажба. Неговата главна дејност е жична, безжична и сателитска телекомуникациска дејност. Нетфоне Телеком Тавкозлеси ес Сзолгалтато Фелелоссегу Тарсасаг нема поврзани лица во Република Северна Македонија .

За целите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар да се земе вкупниот малопродажен пазар за обезбедување на мобилни телекомуникациски услуги за сите крајни корисници на целата територија на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.08.2025 година

Скопје